.

**ПРЕДЛОГ**

Врз член 457 и 460 од Законот за трговските друштва, Собранието на акционери на РЖ ИНТЕР-ТРАНСШПЕД друштво за домашен и меѓународен транспорт и шпедиција, автошкола, угостителство и туризам АД Скопје, со седиште на ул.16-та Македонска Бригада бр.18, Скопје, Гази Баба / Понатака во текстот скратено РЖ ИТЖ А.Д. Скопје или Друштвото), на седницата одржана на ден 07.12.2023 година, со мнозинство гласови на сите акционери, претставени во собранието, кои немаат интерес во зделката донесе:

**ПРЕДЛОГ - ОДЛУКА**

**ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА ЗДЕЛКА СО ЗАИНТЕРЕСИРАНА СТРАНА**

Член 1

Заради постоење на взаемен интерес за деловна соработка на работење , **СЕ ОДОБРУВА** РЖ ИТШ А.Д. Скопје да склучи и реализира зделка со заинтересирна страна со Никола Ангелевски од Скопје, со живеалиште на ул. СВ.НАУМ ОХРИДСКИ БР.18, Скопје, Скопје-Кисела Вода, ЕМБГ [redacted], број на лична карта [redacted] издадена од МВР Скопје, како заинтересирана страна во својство на неизвршен член на Одбор на директори и како акционер кој поседува повеќе од 20% од акциите со право на глас во РЖ ИТШ А.Д. Скопје .

Член 2

**СТРАНИ ВО ЗДЕЛКАТА СО ЗАИНТЕРЕСИРАНА СТРАНА СЕ:**

1. РЖ ИНТЕР-ТРАНСШПЕД друштво за домашен и меѓународен транспорт и шпедиција, автошкола, угостителство и туризам АД Скопје како Прималел на Услуги, и
2. Никола Ангелевски од Скопје, со живеалиште на ул. СВ.НАУМ ОХРИДСКИ БР.18, Скопје, Скопје-Кисела Вода, ЕМБГ [redacted], број на лична карта [redacted] издадена од МВР Скопје, како заинтересирана страна во својство на неизвршен член на Одбор на директори и како акционер кој поседува повеќе од 20% од акциите со право на глас во Друштвото, како Давател на услуги .

Член 3

**ПРЕДМЕТ НА ЗДЕЛКАТА СО ЗАИНТЕРЕСИРАНА СТРАНА:**

Склучување на Договор за деловна соработка во кој РЖ ИТШ АД Скопје се јавува како Примател на услугите а Никола Ангеловски како Давател на услуги поврзани со деловното работење на друштво . За извршување на услугите Примателот на услугите ќе му исплаќа месечен паушал на Давателот на услугите во нето месечен износ од 70.000,00 денари , кои ќе се исплаќа секој месец најкасно до 15-ти во тековниот месец за претходниот месец . Времетраење на договорот во рок од 2 (две) години од денот на склучувањето , по кое престанува да важи .

Исплатата на месечниот паушал од став 1 од оваа Одлука се исплатува на товар на трошоците на работењето на Друштвото.

Член 4

Се овластува и задолжува Претседателот на Одборот на директори на РЖ ИТШ А.Д. Скопје да го склучи договорот предмет на одобрување со оваа одлука во кои детално ќе се предвидат правата и обврските на договорните страни.

Член 5

Оваа одлука за одобрување на зделка со заинтересирана страна за склучување и реализација на договорот, влегува во сила и ќе започне да се применува од денот на доенсување на одлука од собранието на акционери на Друштвото.

РЖ ИТШ Скопје
Собрание на акционери
ПРЕТСЕДАВАЧ